# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## За 2022 година

Љупчо Тошев

Извршен директор

# Содржина

Вовед ........ 3

За Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ) ........ 4

Имплементација на Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ ........ 7

Подгрант на Хоризонт Програмата на ЕУ ........ 22

Јакнење на капацитетите на ФАЦЕ и давање услуги ........ 23

Финансиски показатели ........ 24

Издавач:

**Фондација Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)**

Адреса на издавачот:

**ул. Цицо Поповиќ,**

**бр. 7-2/14, 1000 Скопје**

**Р. Македонија**

Телефон: **+389 2 3222 015**

Е-маил: contact@ace.org.mk

Вебстрана: http://ace.org.mk/

Фејсбук: https://www.facebook.com/facemkd/

**Скопје, 2023**

# Вовед

Почитуван читателу,

Поминаа 16 години од постоењето на Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ), која се профилира на пазарот како една од најзначајните организации кои се занимаваат со развивање на неформалното образование во секторот земјоделство и рурален развој во Македонија, а и пошироко. Воедно, се профилира и како субјект кој самостојно успешно опстојува како резултат на одржливите политики на организацијата. И оваа година, економските придобивки забавуваат, растот на човечкиот капитал стагнира, а постојните јазови во еднаквоста на учењето се прошируваат.

Како и во претходните години и во изминатата 2022 година ФАЦЕ се фокусираше на создавање и имплементација на проекти на Еразмус+ Програмата на ЕУ. Се работи за програма на Европската Унија која е исключително значајна компонента на севкупната национална статегија за интеграција на македонскиот образовен простор, а со тоа и на работењето на ФАЦЕ, како досега, така и во наредниот период. Во 2022 година ФАЦЕ доби 2 нови проекти, а продолжи со имплементација на 6 проекти веќе поддржани од Еразмус+ програмата. Секој од нив, на еден или друг начин, влијае на развивањето на неформалната едукација во областите на интерес на Фондацијата.

Минатата година ФАЦЕ ја доби и Еразмус + Акредитацијата преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во полето на стручното образование и обуки, за периодот 2021-2027 година. Акредитацијата има за цел да ги охрабри организациите кои имаат евиденција за докажан квалитет во организирање на мобилност за стручно образование и обука за ученици и вработени, за понатамошно развивање на нивните европски стратегии за интернационализација. Во 2022 ФАЦЕ доби нов проект од Клучната Акција 1 (КА1) за мобилност на ученици и вработени.

Во 2022 година ФАЦЕ имплементираше и една активност како под-грантист од Програмата Хоризонт (2021-2027) на Европската унија. Ова е посебно значајно, имајќи предвид дека со приклучувањето кон оваа програма, Македонија добива можност за зајакнување и зголемување на можностите за интернационална и регионалната соработка во делот на науката и иновациите, интернационален пристап во заедничките истражувања, интегрирање на земјата во Европската истражувачка област и исполнување на целите за отворена наука и пристап до информации. Дополнително се отвора пазарот за истражувачи, истражувачка инфраструктура, мобилност и соработката со други земји на ова поле. Програмата „Хоризонт Европа“ е досега најамбициозната програма на ЕУ со буџет од 95,5 милијарди евра и претставува основен инструмент за финансирање на истражувањата и иновациите на европско и глобално ниво.

И оваа година се зголеми мрежа на институции и организации од Европа. Партнерите ги претставуваа следниве земји: Полска, Литванија, Летонија, Турција, Грција, Малта, Италија, Австрија, Унгарија, Велика Британија, Холандија, Шпанија, Португалија, Исланд, Шведска, Романија, Молдавија, Албанија, Србија, Чешка и Словачка.

На крај, голема благодарност до персоналот на Фондацијата и Одборот на старатели за несебичната посветеност и поддршка.

*М-р Љупчо Тошев*

Извршен директор

# За Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)

*Визија, мисија и клучни вредности*

**Визијата** на ФАЦЕ: Создавање општество во кое образованието е движечка сила за позитивни промени за сите, особено оние што се вклучени во земјоделството и руралниот развој.

**Мисија:** Како непрофитна организација, ФАЦЕ го зајакнува влијанието на неформалното образование и доживотното учење во Македонија и регионот, во насока на одржлив земјоделски и рурален развој – како и подобрена вработливост. ФАЦЕ го постигнува ова преку развој и имплементација на модерни програми, курикулуми и модели за учење базирани на практична работа.

**Клучните вредности** на организацијата се:

- ***Инзвонредност*** – Наш предизвик се највисоките нивоа на учење и изведба за создавање на влијание. Нашата сила се професионалноста, динамиката и флексибилноста како низ процесите, така и при донесувањето одлуки.

- ***Интегритет*** – Ние сме целосно одговорни и транспарентни, пред нас самите, нашите донатори, партнери и оние на кои им даваме услуги.

- ***Разновидност*** – Преку прифаќање на различностите и активно вклучување на разни групи, ние со заеднички напори ги решаваме проблемите.

- ***Еднаквост*** – Ние веруваме во еднакви вредности, почит и искреност кон секоја личност. Ние промовираме родова еднаквост и се бориме за достоинството и човековите права за сите.

- ***Иновативност*** – Секојдневно, преку нови идеи и решенија, ги користиме сите можности кои произлегуваат од промените во околината, предвидувајќи ги потребите на целните групи.

***Организациска структура:***

ФАЦЕ е изградена врз основа на рамна структура со управувачко тело - Одбор на старатели и Извршна канцеларија.

Одборот на старатели (во понатамошниот текст Одбор) е управувачкото тело на ФАЦЕ. Членовите на Одборот имаат право и должност да учествуваат во работата на самиот одбор и да даваат иницијативи за изработка на нацрт акти, и да употребуваат други овластувања, со согласност со Правилата и заклучоците на Одборот. Одборот се состои од најмалку 5, но не повеќе од 9 старатели, вклучувајќи ги: Претседател и 3 до 7 члена.

*Менаџмент:*

Извршната канцеларија се состои од извршен директор и друг потребен персонал. Извршниот директор е избран член од персоналот што се води по принципите на ефективност,

компетентност, интегритет и позитивност. Извршната канцеларија ги извршува менаџерските, административните и професионалните задачии ги администрира политиките и програмите коишто се одобрени од Одборот.

Извршниот директор се назначува од страна на Одборот. Извршниот директор е главниот административен чинител. Извршниот директор ги набљудува и анализира сите ситуации и/или проблеми што се јавуваат во тековните активности, обезбедува предвидувања за идни состојби, проблеми и  можности; комуницира и соработува со други организации. Извршниот директор се грижи за стратешкото планирање и подготвува годишни и периодични планови, програми, и финансиски планови. Извршниот директор ја претставува ФАЦЕ во правниот промет со трети страни и е одговорен за законитоста на работењето на ФАЦЕ во согласност со Статутот и другите акти.

Членови на Извршната канцеларија:

М-р Љупчо Тошев - Извршен директор
Наташа Огненоска - Раководител за финансии и администрација
Александра Николова - Раководител на проекти

Соработници на проектите во 2022 беа:

Јасмина Пишлевиќ, Спире Арсов и Мартин Мицевски.

Експерти - ФАЦЕ има база од повеќе од 30 експерти/обучувачи кои се ангажираат повремено од најразлични области (земјоделство, претприемништво, работа со маргинализирани лица, инвалидни лица, туризам, екологија, за родови односи, заштита при работа, финансии, обука на возрасни, ИКТ, локален и регионален развој и други области).

*Стратешки приоритети*

ФАЦЕ дефинира 3 стратешки приоритети за периодот од 2018-2021:

Стратешки приоритет # 1: Подобрување на неформалното образование и доживотното учење

Стратешки приоритет #2: Поттикнување на улогата на бизнис секторот во процесот на образование

Стратешки приоритет #3: Создавање на услуги, со цел да се зајакне одржливоста на организацијата.

*Главниот пристап на ФАЦЕ:*

1. Да обезбеди еднаков пристап до знаење за земјоделците, вработените во сродните индустрии, владата и локалната администрација, претприемачите, советодавните служби во земјоделството, експертите од приватни и невладини организации, учениците од стручните училишта, студентите, вработените во ФАЦЕ и особено, но не исклучиво, на припадниците на руралните средини и заедници;

2. Поврзување на образованието и истражувањето, со акцент на промоција на иновативни и применливи механизми и практики;

3. Поддршка за градење на локални капацитети, преку едукација и обука;

4. Да поттикне поголем број на корисници на образовни услуги;

5. Да развива и имплементира едукативни програми (курикулуми) и програми за прилагодување на земјоделството, туризмот, производството на храна, заштитата на животната средина, руралниот развој и другите сектори релевантни за работата на ФАЦЕ;

6. Активно да работи на приспособување на неформалните образовни програми кон потребите на правилата за пазарна економија, потребите на пазарот на трудот и јавните услуги;

7. Да мобилизира и добие средства, од внатрешни фондови или од надворешни извори, за образовни проекти и услуги;

8. Да создаде мрежа на соработка со локални, регионални и меѓународни организации, како и поддршка на сите меѓуинституционални соработки и координација.

# Имплементација на Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ

## ***Проекти кои завршија со реализација во 2022***

***Проект „„Mobility of VET learners and teachers - Мобилност на ученици и наставници во стручното образование и обука“ 2020***

За потребите за реализирање на проектните активности во проектот „Mobility of VET learners and teachers - Мобилност на ученици и наставници во стручното образование и обука“ програмата Еразмус+, Клучна акција 1: Мобилности заради учење на поединци, број на договор – 2020-1-MK01-KA116-077479 (Реализиран во 2022 заради пандемијата Ковид-19)

Целта е со воведување на земјоделски и претприемачки вештини во земјоделскиот сектор, преку учење базирано на работа, да се задоволат главните потреби на учениците за подобрување на можностите за вработување и подобрување на изгледите на нивната идна кариера, да се зголеми нивното чувство за иницијатива и претприемништвото и да се зголеми мотивацијата за учество во идното (формално / неформално) образование или обука.

Мобилноста на 20 ученици волонтери во проектот се одржа во земјоделски компании во Патра, Грција, придружувани од 2 наставници.

Домаќин на мобилноста беше InnoTomia P.C.

Мобилноста беше реализирана во периодот од 21.08.2022 година до 03.09.2022 година.

Трошоците за престој, сместување, храна, патување и осигурување ги покрива програмата.

Во рамките на овој проект имаше и еднонеделна обука на 5 наставници од средните земјоделски училишта на тема „DTH - Design Thinking for Educators in Agriculture“ организирана во Будимпешта, Унгарија. Обуката се одржа во периодот од 12-17.09.2022, а домаќин беше Converzum-A nyelvi közösségi tér / 11-15. Lajos utca / 1023 / Budapest.

**Проект „„Mobility of VET learners and teachers - Мобилност на ученици и наставници во стручното образование и обука“**

За потребите за реализирање на проектните активности во проектот „Mobility of VET learners and teachers - Мобилност на ученици и наставници во стручното образование и обука“ програмата Еразмус+, Клучна акција 1: Мобилности заради учење на поединци, број на договор – 2021-1-MK01-KA121-VET-000005044.

Целта е со воведување на земјоделски и претприемачки вештини во земјоделскиот сектор, преку учење базирано на работа, да се задоволат главните потреби на учениците за подобрување на можностите за вработување и подобрување на изгледите на нивната идна кариера, да се зголеми нивното чувство за иницијатива и претприемништвото и да се зголеми мотивацијата за учество во идното (формално / неформално) образование или обука.

Мобилноста на ученици волонтери во проектот ќе се одржи во земјоделски компании во Чаковец, Хрватска.

Мобилноста ќе се одвива со почеток од 03.07.2022 година до 16.07.2022 година.

Трошоците за престој, сместување, храна, патување и осигурување ги покрива програмата.

Во рамките на овој проект имаше и еднонеделна обука на 3 наставници од средните земјоделски училишта на тема „DTH - Design Thinking for Educators in Agriculture“ организирана во Будимпешта, Унгарија. Обуката се одржа во периодот од 12-17.09.2022, а домаќин беше Converzum-A nyelvi közösségi tér / 11-15. Lajos utca / 1023 / Budapest.

***Проект: "Можности за обука при висока стапка на невработеност – M.O.T.H.E.R.“***

Датум на започнување на проектот: 2020-09-01

Вкупно времетраење на проектот 24 месеци

Датум на завршување на проектот: 2022-08-31

Регион: Македонија, Италија

Донатор: Европска Комисија (Еразмус+ Програма)

Координатор на проектот: Центар за обука и развој на меѓународни проекти JUMP - Италија

Партнери во проектот:

- Фондација Агро-центар за едукација- ФАЦЕ (Македонија)

- Општина Лусада – (Португалија)

- Екоцентар Алапитвани (Унгарија)

- Здружение Активности (Литванија)

- Центар за рурални советувања и обуки (Латвија)

- Институт за развој на претприемништво (Грција)

Целна група:

Млади луѓе од 18-30 години, индивидуални, мали и мали и средни компании, млади претприемачи, хонорарци.

Цел на проектот:

Главната цел на проектот е да создаде причина за средба помеѓу целните групи и можност да се ослободи нивната креативност, да ги покажат своите компетенции, работата што ја прават, да побараат совети, да ја објаснат својата стратегија, да ги споделат своите соништа, да растат заедно, да учат, да создаваат, да воспоставуваат односи. Важно е да се потенцира релевантноста на проектот со Стратегијата Europe2020 и особено со главните цели и приоритети на Еразмус +, кој има цел да ги зајакне компетенциите на учесниците во проектот, да се бори против невработеноста, да ја зголеми вработливоста, особено кај младите.

Краток опис

Идејата за проектот M.O.T.H.E.R. е добиена од пилот истражување направено од партнерството за социјално претприемништво. При истражувањето за „нови работни места во иднината и стари работни места во опасност од истребување“, се појавија две главни категории: „Хонорарни работници преку Интернет“ (Free Workers Online) и „Mother“ Работници. Од едната страна, оние професионалци, наречени хонорарни работници, работат преку Интернет, притоа користејќи ИКТ и развивајќи компетенции во пишување, уредување, анализа на податоци, графика, веб дизајн и управување, блогирање, правење видео, веб-маркетинг и е-социјално - маркетинг, обуки, аналитичари на социјални медиуми и други. Низ целиот свет има луѓе, млади или возрасни, кои работат и заработуваат пари со многу нови и иновативни компании. Од другата страна ги имаме „Mother“ Работници. „Mother“ Работници се оние кои работат со свои раце и творат.Оваа група опфаќа не само креативни луѓе како уметници или занаетчии, туку и мали земјоделци кои произведуваат масло, вино, џем, мед, сапун, природни крпи, природна козметика и пијалоци, кожни работници, чевлари, но исто така и уште попрактични, дрва, заварувачи, градежници и др.

Проектот своето делување го насочува во приоритет на обуките за претприемништво. Широка тема со веќе постоечка европска рамка и литература, но која има уште повеќе интересна серија на практики и искуства од едукатори и претприемачи кои излегуваат од класичните модели на економија, бизнис и менаџмент. Лица кои воведуваат тотално нови ресурси засновани врз еден од најважните столбови на нашиот проект „креативност“, носејќи социјални иновации и позитивни промени во локалните заедници.

Специфичните цели на проектот се:

1. Поддршка на нови млади работници да влезат и да бидат одржливи на светскиот пазар на трудот;

2. Зајакнување на стратешките компетенции на младите и меки вештини со зголемување на нивната претприемачка активност и реализација на нови идеи;

3. Развивање социјални и дигитални иновации што поврзуваат два и повеќе сектори од реалната рамка за вработување на младите;

4. Изработка на социјална платформа каде што „Mother“ Работниците и „Хонорарни работници преку Интернет“ можат да се сретнат и да развијат конкретна соработка;

5. Креирање на комплет алатки корисни за младите како нови претприемачи кои можат да учат од дома;

6. Развивање на Европска мрежа на креативни и паметни луѓе кои можат да ги зголемат стапките на вработеност во Европа;

7. Започнување на долгорочен процес на растење и учење меѓу 6 партнери заинтересирани за проширување на мрежата;

8. Креирање на меѓугенерациски дијалог и соработка помеѓу се повеќе и помалку искусни млади во областа на претприемништвото.

***Проект: „Алатка од стручно образование и обука за промовирање на дигитализацијата во земјоделската индустрија за одржливо земјоделство – ПРИЗМ“***

Датум на започнување на проектот: 2020-10-01

Вкупно времетраење на проектот 24 месеци

Датум на завршување на проектот: 2022-09-30

Регион:Македонија, Полска

Донатор:Европска Комисија (Еразмус+ Програма)

Координатор на проектот: СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА БИЗНИС И ЗДРАВСТВЕНИ НАУКИ Полска

Партнери во проектот:

- Фондација Агро-центар за едукација- ФАЦЕ (Македонија)

- Консултантско биро МЕЦБ (Малта)

- Независен меѓународен институт за академски истражувачки студии (Англија)

- Институт Минутоли (Италија)

- Организација СТАНДО (Кипар)

- Организација АРИД (Полска)

- Училишна група МПИРМПАКОС Д. & СИА О.Е (Грција)

Целна група:

Обучувачи од стручно образование и обука, земјоделци, заинтересирани страни во земјоделската индустрија, експерти за технологија вклучени во напредокот на технологијата во однос на земјоделството и роботските системи.

Цел на проектот:

Целта на проектот е меѓународна синергија помеѓу 7 европски организации со иста потреба - Да им се помогне на обучувачите од стручно образование и обука, да дефинираат одржлив сектор заснован на земјоделство 4.0 преку отворен образовен ресурс за стручно образование и обука

Краток опис

Во 2015 година, Агендата за одржлив развој на ООН за 2030 година се обврза да се стави крај на гладот, да се постигне безбедност на храна и да се подобри исхраната и да се промовира одржливо земјоделство. Амбициозна цел, бидејќи околу 800 милиони луѓе низ светот страдаат од глад и побарувачка. Целта е  до 2050 година да се произведува 70% повеќе храна. За жал, реалноста во денешно време е дека учеството на земјоделството во глобалниот БДП се намали на само 3%, интензивирајќи го проблемот со глад и недостиг на храна, бидејќи многу малку иновации и напредок во технологијата се направени во овој сектор за да се овозможи ефикасен, безбеден и еколошки пристап во рамките на земјоделството 4.0. Сите партнерски земји се соочуваат со прашања поврзани со земјоделството, а земјоделците се борат со предизвиците на безбедноста на храната, климатските промени, недостигот на природни ресурси и многу повеќе. И покрај тоа, Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на Европа, направи обид за редизајн и модернизација на секторот во 2013 година, да доведе до промени за зајакнување на позицијата на земјоделците во ланецот на производство на храна, земјоделските операции сè уште функционираат на „традиционален“ начин, без да се следат унапредувањата на земјоделството 4.0.

Ние веруваме дека нашиот проект ПРИЗМ како соработка помеѓу 7 партнерски институции (2 партнери од Полска, и по 1 партнер од Италија, Малта, С. Македонија, Грција и Кипар), ќе придонесе за развој на Отворен ресурс за образование за обучувачи од стручно образование и обука, кој ќе придонесе за задоволување на долгорочните потреби на земјоделците за образование за иновации и модернизација на земјоделството во рамките на земјоделството 4.0.

Имајќи како целни групи обучувачите за стручно образование и обука, земјоделците, заинтересирани страни во земјоделската индустрија, технолошките експерти вклучени во напредувањето во технологија во однос на земјоделството и роботски системи, проектот ги има следниве специфични цели:

1. Да се дизајнираат иновативни содржини за обука и методологии кои го промовираат земјоделството 4.0,

2. Да се подобри професионалниот развој (знаење, вештини, компетенции) на обучувачите од стручно образование и обука на секој партнер и на други релевантни чинители кои работат во центри за обука и јавни институции,

3. Да се дизајнира Отворен образовен ресурс за земјоделство 4.0, кој ќе има за цел да им помогне на обучувачите да ги користат резултатите од проектот во нивната работа. Платформата за е-учење, како дел од Отворениот образовен ресурс, ќе биде специјално развиена за да работи како пакет алатки за обучувачите од стручно образование, нудејќи им можности за одржување на обуки преку Интернет.

За време на проектот, обучувачите од стручно образование и обука се очекува да бидат упатени да ги учат земјоделците преку употреба на Водич за почетници, збирка студии на случај и наставна програма за стручно образование и обука за земјоделство 4.0. Материјалот и содржината, обучувачите ќе ги користат за производство на МОДУЛИ што ќе се користат за обука на земјоделци преку платформата за е-учење, како дел од Отворениот образовен ресурс, во форма на вебинари за земјоделство 4.0.

По завршувањето на проектот, обучувачите од стручно образование и обука ќе имаат стекнато знаење, вештини и компетенции за ефикасно обучување на земјоделците за важноста на земјоделството 4,0 преку редефинирање на одржлив сектор во рамките на земјоделството 4,0.

Земјоделците, од друга страна, ќе имаат можност да се здобијат со знаење за земјоделството 4,0 и најновите технологии и мобилно-базирани алатки што се користат во земјоделството, проширувајќи ги своите можности за редефинирање на одржлив сектор заснован на земјоделството 4,0.

***Проект: „Меки вештини како алатка за креативност во руралните области – СИТРА“***

Датум на започнување на проектот: 2020-12-01

Вкупно времетраење на проектот: 24 месеци

Датум на завршување на проектот: 2022-11-30

Регион:Македонија, Франција

Донатор:Европска Комисија (Еразмус+ Програма)

Координатор на проектот: Меѓународна организација за рурален развој на Бас Сегала - Франција

Партнери во проектот:

- Фондација Агро-центар за едукација- ФАЦЕ (Македонија)
- I & F образование и развој (Ирска)
- Здружение СЕДА (Полска)
- Општина Болу (Турција)

- Институт за личен развој и развој на претприемништво, обуки и развој на емоционална интелигенција (Шпанија)

Целна група:

Земјоделски претприемачи, мали и средни претпријатија во земјоделскиот сектор, компании и организации активни во спроведување на обуки.

Цел на проектот:

Главната цел на проектот СИТРА е да им помогне на земјоделските претприемачите да ги надминат најважните тешкотии во нивните секојдневни активности со идентификување, развој и подобрување на меките вештини, преку развој на систем за обука со цел да се генерираат вештини и способности кои ќе одговорат на барањата на новиот контекст на трудот.

Краток опис

Проектот СИТРА има за цел да даде поддршка на поединци во стекнување и развивање на основни вештини и клучни компетенции со цел да се поттикнат вработливоста и личниот развој. Според приоритетите утврдени со програмата Еразмус +, проектот „го поддржува и зајакнува развојот на клучните компетенции за сите поединци во текот на целиот живот. Во светот што брзо се менува, ова вклучува претприемачки ум, критичко размислување и креативност, како и вештини во области како што се социјални компетенции и компетенции за учење ”.

Поконкретно, целите на СИТРА се:

- Идентификување на не-техничките таленти потребни за исполнување на барањата на земјоделското претприемништвото

- Поттикнување на позитивни и трајни ефекти врз вклучените експерти.

- Воспоставување на односи и синергија што ќе овозможи зголемување на свеста на целната група за меки вештини.

- Пренесување на методологии, алатки и добри практики, за развој и консолидација на меки вештини за претприемништво.

- Обновување на сликата за секторите кои во моментов не се идентификувани како поле за развој и имплементација на меки вештини.

- Дистрибуирање на резултатите од овој проект на други заинтересирани институции кои можат да имаат корист од резултатите во проектот.

Проектот СИТРА ќе се обиде да ја подигне свеста кај претприемачите за важноста на меките вештини во процесот на селекција, како за себе, така и за луѓето што ги ангажираат, особено со развој на стратегии кои ги охрабруваат ниско-квалификуваните возрасни лица, да ги подобрат и надградат своите вештини.

За да се постигнат целите на проектот, ќе се развијат, тестираат и дистрибуираат три интелектуални резултати:

1. „Алатката за самоевалуација“ (О1) - појдовна точка на проектот, во која ќе се дефинираат 12-те основни меки вештини за претприемачите и ќе се генерира систем за самооценување.

2. „Системот за обука – СИТРА“ (О2) - корисна алатка со модули за обука и практичен материјал.

3. „Тренингот на тренери“ (О3) - конзорциумот на проектот ќе развие прирачник за обучувачи на меки вештини со крајните корисници. Сите произведени излези ќе бидат слободно достапни за јавноста во рамките и времетраењето на проектот.

Со креирање алатки за обука за подобрување на меките вештини кај земјоделските претприемачи, конзорциумот очекува да ја постигне општата цел на проектот: да ја нагласи важноста на меките вештини во претприемништво и да ја подигне свеста за ефектот на меките вештини врз продуктивноста и опстанокот на компаниите и работните места.

***Проект: „Млади жени зелени претприемачи - YOU_WEEN!“***

Датум на започнување на проектот: 2021-01-31

Вкупно времетраење на проектот 24 месеци

Датум на завршување на проектот: 2023-01-30

Регион:Македонија, Полска

Донатор: Европска Комисија (Еразмус+ Програма)

Координатор на проектот: Советодавен центар за земјоделство во Брвинов, филијала во Краков, Полска

Партнери во проектот:

- Фондација Агро-центар за едукација- ФАЦЕ (Македонија)

- Меѓународна Академија за Европски грантови - СРЛ (Италија)

- Независен меѓународен институт за академски истражувачки студии (Англија)

- Граѓанското не-профитно здружение ИАСИС (Грција)

- Асоцијација за иновации, претприемништво и технологии на информации и комуникација – ИННЕТИКА (Шпанија)

- Меѓунродна организација „Ефекто група“ (Литванија)

Целна група:

Млади жени кои доаѓаат од руралните области, младински работници

Цел на проектот:

Целта на проектот е да им се дадат ефективни алатки на младите жени кои живеат во руралните области да ги преземат своите животи благодарение на специфичната обука за претприемачи за одржлив развој, да се поттикне нивната вработливост и нивниот социо-образовен и личен развој. Преку промоција на зелено размислување, подигање на свеста за одржливост, промовирање на развојот во руралните и / или изолирани области, размена на добри практики, обезбедување експертиза и знаење на жени од рурални области, проектот значително ќе ги промовира образованието и активностите за претприемништво кај младите жени.

Краток опис

